# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**e-mail:elsdhisar@mt.net.mk web site:www.demirhisar.org.**

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК | 30.06.2010г | Ж-СКА 722014034763019 -НБРМ |
| ОПШТИНА Д-ХИСАР | БРОЈ 6 | ПРЕТПЛАТА ЗА 2010 ГОД |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | | ИЗНЕСУВА 500 ДЕНАРИ |
| ОГЛАСИ ПО ТАРИФА | Д-ХИСАР | ЕДЕН БРОЈ ЧИНИ 50 ДЕН |

==========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по м$^3$за населено место Света**

1.Ја објавувам Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по м$^3$за населено место Света донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/1**
**30.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***172.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02; 04/05 и 07/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$**
**за населено место с.Света**

Член 1

Се утврдува цена за комунална услуга за користење на вода за пиење за населено место с.Света и тоа:

1.Домаќинство во населено место с.Света 28,00 денари по м$^3$

2.Претпријатија и други стопански субјекти и установи 45,00 денари по м$^3$

Член 2

Во случај на дефект на водомерот корисникот е должен во рок од три (3) дена од денот на откривањето на дефектот писмено да го пријави во ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар, доколку корисникот не го пријави дефектот ќе плаќа надомест утврден во паушал од страна на давателот на услугата.

Доколку дефектот настане по вина на корисникот пример (кршење на стакло, мрзнење и слично) а корисникот не пријави дефект надоместок ќе плаќа како е регулирано во став 1 на овој член.

Член 3

Корисниците на вода за градење на нови објекти или доградба кои немаат поставено водомери ќе плаќаат по 1% од вредноста на извршените градежни работи.

Член 4

Односите на давателите на услуги и корисниците на услуги ќе бидат регулирани со посебен договор изработен од давателот на услугата во конкретниот случај ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар.

Член 5

ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар се задолжува најкасно во рок од три месеци и по превземањето на водоводот во населено место с.Света да изготви прецизен Извештај со сите параметри и го достави до Советот, како би се имало точен увид за утврдување реална цена за гореспоменатата комунална услуга.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-614/2** **Совет на Општина Демир Хисар**
**29.06.2010 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по м$^3$ за населено место Смилево**

1.Ја објавувам Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по м$^3$за населено место Смилево донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/ 2**
**30..06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***173.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02; 04/05 и 07/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$**
**за населено место с.Смилево**

Член 1

Се утврдува цена за комунална услуга за користење на вода за пиење за населено место с.Смилево и тоа:

1.Домаќинство во населено место с.Смилево 20,00 денари по м$^3$

2.Претпријатија и други стопански субјекти и установи 40,00 денари по м$^3$

Член 2

Корисниците на вода кои немаат водомери ќе плаќаат паушален износ по член на семејство и тоа:
7м$^3$ по член - зимски период
8 м$^3$ по член - летен период

Член 3

Се задолжуваат корисниците на услугата најдоцна во рок од три месеци по превземањето на водоводот во ова населено место да вградат водомери за мерење на потрошената вода- од причина што ова е првиот услов за превземање на водоводот од ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар.

Член 4

Во случај на дефект на водомерот корисникот е должен во рок од три (3) дена од денот на откривањето на дефектот писмено да го пријави во ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар, доколку корисникот не го пријави дефектот ќе плаќа надомест утврден во паушал од страна на давателот на услугата.

Доколку дефектот настане по вина на корисникот пример (кршење на стакло, мрзнење и слично) а корисникот не пријави дефект надоместок ќе плаќа како е регулирано во став 1 на овој член.

Член 5

Корисниците на вода за градење на нови објекти или доградба кои немаат поставено водомери ќе плаќаат по 1% од вредноста на извршените градежни работи.

Член 6

Односите на давателите на услуги и корисниците на услуги ќе бидат регулирани со посебен договор изработен од давателот на услугата во конкретниот случај ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар.

Член 7

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 614/3**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за укинување на Одлуката за делегирање надлежност на група граѓани во с.Жван**

1.Ја објавувам Одлука за укинување на Одлуката за делегирање надлежност на група граѓани во с.Жван донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/3**
**30..06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***174.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар, Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.06.2010 година донесе

**О д л у к а**
**За укинување на одлуката бр. 07-553/1 од 28.05.2010 година**

Член 1

Се укинува Одлуката за делегирање на надлежност на група на граѓани во населено место с.Жван бр. 07-553/1 од 28.05.2010 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила веднаш по донесувањето, и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

***О б р а з л о ж е н и е***

Советот нна општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.05.2010 година донесе Одлука за делегирање на надлежност на група граѓани за населено место с.Жван, со цел надминување на проблемите појавени со селскиот водовод.

После тоа направена е темелна анализа за правните дејствија што ги предизвикува оваа Одлука и се заклучи дека истата е незаконита односно спротивна на член 3 став 1 точка 16 од Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на урбани, отпадни води Службен весник на Р Македонија бр. 68/04 и член 14 од Законот за комунални дејности Службен весник на Република Македонија бр. 45/97. Имајќи го во предвид горе наведеното се одлучи како во Депозитот на Одлуката.

**Бр. 07-614/4**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за уредување начинот на превоз на патници во општинскиот линиски превоз на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за уредување начинот на превоз на патници во општинскиот линиски превоз на подрачјето на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/4**
**30.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***175.*** Врз основа на член 22 од Законот за превоз на патници во патниот сообраќај /"Службен весник на РМ" бр.68/04/, Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај /"Службен весник на РМ" бр.127/06 и 114/09/ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За уредување начинот на превоз на патници во општинскиот линиски превоз на подрачјето на општина Демир Хисар**

**I Општи одредби**

Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат условите, критериумите, начинот и одредување на: единствена мрежа на линии; единствен возен ред, начинот на негово истакнување, одржување и менување, надзорот, тарифниот систем и системот на наплата, локација на автобуското стојалиште, одредување на релација и местото на превоз со комби возила, со најмалку девет седишта (8+1) како и критериумите за начинот и постапката за издавање и одземање на дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници и распоредување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

Член 2

Општинскиот линиски превоз е јавна комунална дејност и може да ја вршат превозници кои имаат лиценца и дозвола за вршење на превоз.

Член 3

Дозвола за вршење превоз на патници издава Градоначалникот на општина Демир Хисар.

Возниот ред го регистрира Градоначалникот на општината, а го утврдува надлежниот орган на општината Демир Хисар.

Член 4

Општинскиот линиски превоз на патници се врши со автобуси кој ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на овој вид на превоз на патници.

Општинскиот линиски превоз на патници може да се врши и со комби возила со најмалку 9 седишта (8+1) кој ги исполнуваат техничко-експлоатационите услови.

**II. Единствена мрежа на линиите**

Член 5

Линија претставува одредена релација и правец на возење од почетната до крајната автобуска станица или стојалиште, на која се превезуваат патници во линиски патен превоз, согласно утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот.

Член 6

Превозот на патници во општинскиот линиски превоз на патници во општината Демир Хисар се врши на следната мрежа на линии.

| **Р. бр.** | **Број и назив на линијата** | **Попатни постојки** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1. | **1 Демир Хисар-Големо Илино** | Белче, Сопотница, Жван, Железнец | |
| 2. | **2 Демир Хисар-Зашле** | Белче, Сопотница, Жван, Доленци, Брезово | |
| 3. | **3 Демир Хисар-Вирово** | Белче, Сопотница, Жван, Слоештица, Мренога | |
| 4. | **4 Демир Хисар-Кочиште** | Белче, Прибилци, Ново Село, Ракитница, Растојца | |
| 5. | **5 Демир Хисар-Журче** | Белче, Сладуево, | |
| 6. | **6 Демир Хисар-Света** | Граиште, Бараково, Единаковци | |
| 7. | **7 Демир Хисар-Вардино** | | |
| 8. | **8 Демир Хисар-Слепче** | | |
| 9. | **9 Демир Хисар-Смилево** | Суводол, Кутретино Стругово, Загориче, Обедник | |

**III. Единствен возен ред, начин на истакнување, одржување и менување**

Член 7

Возниот ред е пишан документ во кој се утврдува линија, видот на превозот, релацијата на која се врши превозот, редоследот на постојките, нивната одалеченост од почетната постојка, време на пристигнување, застанување и заминување на секоја автобуска постојка, период во кој го врши превозот и времето на возење на превозот.

Начинот, постапката и поблиските критериуми за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во општинскиот линиски превоз на патници се проширува со посебен Правилник.

Член 8

Единствениот возен ред го утврдува надлежниот орган на општината, а истиот се истакнува на предната бочна страна на автобусот, односно комбето, на огласна табла на автобуската станица и на постојките каде има услови.

Член 9

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

Член 10

Возниот ред не може да се менува пред истекот на важење на дозволата.

По исклучок возниот ред може да се измени поради виша сила или вонредни околности утврдени од надлежен орган на општината.

Член 11

Ако превозникот од било кои причини не може да го врши општинскиот линиски превоз на патници за кој има добиено дозвола, должен е до надлежниот орган на општина Демир Хисар навреме да го извести за привремено или трајно прекинување на превозот.

Превозникот при прекин на превозот или измени на возниот ред е должен да ги извести граѓаните преку средствата за информирање.

**IV.Тарифен систем и систем на наплата**

Член 12

Во општината линискиот превоз на патници Превозникот самостојно ја утврдува цената на превозот.

Превозникот е должен ценовникот да го достави до надлежниот орган на општината.

Член 13

Превозните услуги се наплатуваат преку билети кој ги обезбедува превозникот.

**V. Локација на автобуските стојалишта и постапка за нивна измена**

Член 14

Автобуско стојалиште е простор одреден за застанување на автобусот, согласно возниот ред и обезбедено за безбедно влегување и излегување на патниците.

Член 15

Како локации на автобуските стојалишта се утврдуваат:

| **почетно стојалиште** | Попатни автобуски стојалишта | **крајно стојалиште** |
|---|---|---|
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Белче,<br>Сопотница,<br>Жван,<br>Железнец | сред село Големо Илино |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Белче,<br>Сопотница,<br>Жван,<br>Доленци,<br>Брезово | сред село Зашле |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Белче,<br>Сопотница,<br>Жван,<br>Слоештица,<br>Мренога | пред влез во село Вирово |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Белче,<br>Прибилци,<br>Ново Село,<br>Ракитница,<br>Растојца | сред село Кочиште |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Белче,<br>Сладуево, | сред село Журче |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Граиште,<br>Бараково,<br>Единаковци | сред село Света |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | / | сред село Вардино |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | / | сред село Слепче |
| Автобуско стојалиште Демир Хисар | Суводол,<br>Кутретино<br>Стругово,<br>Загориче,<br>Обедник | сред село Смилево |

Член 16

Надлежниот орган на општината Демир Хисар може да му предложи на Советот на општината отворање на нови или укинување на постојни стојалишта, ако е интерес за подобра организираност и безбедност на патниците.

**VI.Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење општински линиски превоз и распоредување на линиите во општински линиски превоз.**

Член 17

Дозволата издадена за вршење превоз на одредена линија издадена од Градоначалникот има важност 5 години и содржи: Назив на линијата, назив и седиште на превозникот и рок на важење.

Составен дел на дозволата е и регистрираниот возен ред.

Член 18

Дозволата за вршење превоз на патници за определена линија во општинскиот линиски превоз може да добие превозник кој има добиено лиценца за овој вид превоз.

Член 19

Превозникот кој има добиено дозвола за определена линија неможе од неоправдани причини да го прекине превозот.

Ако од неоправдани причини превозникот повеќе од 7 дена не врши превоз непрекидно или 2 месеци во текот на годината, Градоначалникот ќе ја одземе дозволата.

Против решението на Градоначалникот превозникот може да изјави жалба во рок од 8 дена на приемот на Решението до Министерот за транспорт и врски.

Член 20

Распределбата на линиите во општинискиот линиски превоз на патници во Општина Демир Хисар од член 6 на оваа Одлука се врши по предходен јавен повик.

Објавувањето на јавниот повик и распределбата ја врши Комисија од 3 члена што ја именува Градоначалникот.

**VII.Надзор**

Член 21

Надзор над примената на одредбите на оваа Одлука врши Одделението за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности.

Евиденција во врска со издадената лиценца, дозвола и регистрирани возни редови води Одделението за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности.

Член 22

Инспекцискиот надзор во спроведувањето на одредбите од оваа Одлука врши овластен општински инспектор.

**VIII. Преодни и завршни одредби**

Член 23

Распределбата на линиите и определување на превозник за вршење на општински линиски превоз на патници ќе се изврши во рок од ___ месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07-614/5**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Анѓелевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локални патишта во Општина Демир Хисар

1.Ја објавувам Одлука за измени и дополнување на Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локални патишта во Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/5**
**30..06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевскис.р.***

***176.*** Врз основа на член 43 и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/2002), а во врска со објавата за Програмата за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа, објавена од страна на Министерството за транспорт и врски и Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар**

I. Во Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта во Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 7/2008), во членот 1 се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во делот за реконструкција на локални патни правци, се додава нова точка 5 која гласи: „Локален пат с.Стругово-с.Загориче во должина од 1500 м$^{1}$". Точката 5. „Врска регионален пат 530-с.Церово во должина од 2000 м$^{1}$" станува точка 6.
2. Во делот за рехабилитација на локални патни правци, после точка 6 се додаваат две нови точки, точка 7 која гласи: „врска Регионален пат 416-с.Кочишта (делница премин преку железничка линија-врска за с.Ракитница) во должина од 4050 м$^{1}$" и точка 8 која гласи: „врска Регионален пат 416-с.Зашле (раскрсница за Турла-с.Брезово) во должина од 2500 м$^{1}$".

II. Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07- 614/6**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2010 година**

1.Ја објавувам Одлука за дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2010 година донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/6**
**30..06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***177.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, бр. 24/08-пречистен текст и Измените и дополнувањата на Законот за просторно и урбанистичко планирање, бр. 91/2009) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.06.2010 год. донесе

**О Д Л У К А**
***за дополнувања на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2010год.***

**Член 1**

Во Програмата за донесување, изменување и дополнување на Урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2010год., во глава IV, која се однесува на изработка на локална урбанистичка планска документација се додава следната точка:
**- Точка бр. 8,** која се однесува на изработка на **локална урбанистичка планска документација** за изградаба на градби за домување во станбени куќи, намена А1, дополнети со намена која е компатибилна, мали комерцијални и деловни намени Б1, поточно канцеларија за откуп на земјоделски производи, на КП бр. 346/2, КО Света, општина Демир Хисар, со површина од 364м$^2$, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Измената на Програмата се врши на барање на Божин Кузмановски, ул. „Едвард Кардељ“ бр. 90, Кривогаштани, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-600/1 од 21-06-2010год.

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-614/7** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**29.06.2010 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлука за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за домување на стамбени куќи дополнета со мали комерцијални и деловни намени-канцеларија за откуп на земјоделски производи

1.Ја објавувам Одлука за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за домување на стамбени куќи дополнета со мали комерцијални и деловни намени-канцеларија за откуп на земјоделски производи донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/7** — **Општина Демир Хисар**
**30..06.2010 година** — **Градоначалник,**
**Демир Хисар** — ***Тони Ангелевски с.р.***

***178.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, бр. 24/08-пречистен текст и Измените и дополнувањата на Законот за просторно и урбанистичко планирање, бр. 91/2009) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.06.2010 год. донесе

## О Д Л У К А

***за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградаба на објекти за домување во станбени куќи, намена А1, дополнети со компатибилна намена - мали комерцијални и деловни, намена Б1***

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на локална урбанистичка планска документација за изградаба на објекти за домување во станбени куќи, намена А1, дополнети со намена која е компатибилна, мали комерцијални и деловни намени Б1, поточно канцеларија за откуп на земјоделски производи, на КП бр. 346/2, КО Света, општина Демир Хисар, со површина од 364м$^2$, Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа одлука се донесува на барање на Божин Кузмановски, ул. „Едвард Кардељ“ бр. 90, Кривогаштани, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-600/1 од 21-06-2010год., а согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на локалната урбанистичка планска документација за изградаба на објекти за аквакултура ке биде од страна на барателот-инвеститорот.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Демир Хисар

**Бр.07-614/8**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучокот по Информацијата за водоснабдување во Демир Хисар, с.Слепче, с.Суводол и с.Кутретино**

1.Го објавувам Заклучокот по Информацијата за водоснабдување во Демир Хисар, с.Слепче, с.Суводол и с.Кутретино донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/8**
**30..06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски***

***179.*** Врз основа на член 92 од Статутот на општина Демир Хисар ,,Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09,, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информација**

1. Се усвојува Информацијата за водоснабдување во Демир Хисар, с.Слепче, с.Суводол и с.Кутретино поднесена од страна на ЈКП ,,Комуналец,, Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-614/9**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот по Информацијата за работењето на градскиот Пазар во Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот по Информацијата за работењето на градскиот Пазар во Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/9**
**30..06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***180.*** Врз основа на член 92 од Статутот на општина Демир Хисар ,,Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09,, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информација**

3. Се усвојува Информацијата за работењето на градскиот пазар поднесена од страна на ЈКП ,,Комуналец,, Демир Хисар.

4. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-614/10**
**29.06.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот по Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата при Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот по Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата при Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 616/10** — **Општина Демир Хисар**
**30..06.2010 година** — **Градоначалник,**
**Демир Хисар** — ***Тони Ангелевски с.р.***

***181.*** Врз основа на член 92 од Статутот на општина Демир Хисар ,,Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09,, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.06.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај**

5. Се усвојува Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата при Општина Демир Хисар за сезона 2009/2010 година.

6. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-614/11** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**29.06.2010 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — ***Љупчо Ангелески с.р.***

# *С О Д Р Ж И Н А*


| ***Р.бр*** | ***НАЗИВ НА АКТОТ*** | ***Стр.*** |
|---|---|---|
| **172** | Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по $м^3$за населено место Света | 1-2 |
| **173** | Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по $м^3$за населено место Смилево | 3-4 |
| **174** | Одлука за укинување на Одлуката за делегирање надлежност на група граѓани во с.Жван | 5 |
| **175** | Одлука за уредување начинот на превоз на патници во општинскиот линиски превоз на подрачјето на Општина Демир Хисар | 6-10 |
| **176** | Одлука за измени и дополнување на Одлуката за определување на приоритетна листа за рехабилитација и реконструкција на локални патишта во Општина Демир Хисар | 11-12 |
| **177** | Одлука за дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2010 година | 12-13 |
| **178** | Одлука за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за домување на стамбени куќи дополнета со мали комерцијални и деловни намени-канцеларија за откуп на земјоделски производи | 14 |
| **179** | Заклучокот по Информацијата за водоснабдување во Демир Хисар, с.Слепче, с.Суводол и с.Кутретино | 15 |
| **180** | Заклучокот по Информацијата за работењето на градскиот Пазар во Демир Хисар | 16 |
| **181** | Заклучокот по Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата при Општина Демир Хисар | 17 |



***ИЗДАВА: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР***
***Градоначалник Тони Анѓелевски***

***КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА И ДИЗАЈН:***
***Виолета Пајковска***